ИП 1 бр.29-96

Датум: 25.02.2026 година

Државен инспекторат за животна средина,преку Зоран Стојнев-Советник инспектор за Животна средина, со службена легитимација број 06-0023. Врз основа на член 117 сав 1 алинеа 5,6,24 и 17 од Законот за Управување со Отпад (сл.в. бр.216/21 и 03/25) во врска со извршениот редовен инспекциски надзор над работењето на Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност –Кочани, адреса на ул.Милан Зечар бр. 21 Кочани и МБГ7275960 на субјектот на инспекциски надзор со овластено лице на Подружниците 1 и 2. Катерина Мирчовска , а врз основа на фактичката состојба утврдена со Записник бр.ИП1 29-96 од 25.02.2026 година, го донесе следниот:

ИП129-96 (Инспекциски акт)

Се задолжува и забранува на Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност –Кочани, адреса на ул.Милан Зечар бр. 21 Кочани и МБГ7275960

да се задолжи и забрани за да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот ИП1 29-96 и тоа:

1) -*Ќе се задолжи* Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност –Кочани да изработи годишен извештај согласно програмата за управување со отпад и истиот го достави до МЖСПП.

Рок: 60 (шеесет) дена од прием на инспекцискиот акт;

2) -*Ќе се задолжи* Јавна здравствена установа Општа болницасо проширена дејност –Кочани да изработи годишен извештај согласно програмата за управување со отпад и истиот го достави до МЖСПП.

Рок: 30 (триесет) дена од прием на инспекцискиот акт;

3) - *Ќе се задолжи* Јавна здравствена установа Општа болницасо проширена дејност –Кочани да води евиденција за видот и количините на отпад согласн законот за управување со отпад.

Рок: 10 (десет) дена од прием на инспекцискиот акт;

4) - *Се забранува на* Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност –Кочани да го меша комуналниот и медицинскиот отпад и истиот да го одлага во контенерите за комунален отпад кој се превземаат од Јавното комунално претпријатие Водовод Кочани.

Рок: веднаш од прием на инспекцискиот акт;

2.Субектот на инспекциски надзор од точка 1,2,3 и 4 на диспозитивот на овој инспекциски акт, е должен веднаш по истекот на најдолгиот рок определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена по истекот на истата писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

3. Се задолжувања субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на диспозитивот на овој инспекциски акт, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од (износ на трошоците) денари, на жиро сметка број (се наведува бројот на жиро сметката за уплата на трошоците)
4. Жалбата изјавена против овој инспекциски акт, не го одлага неговото извршување.

Образложение

Државен инспекторат за животна средина,преку Зоран Стојнев-Советник инспектор за Животна средина, со службена легитимација број 06-0023 врз основа на член 116 сав 1 алинеа 5,6,19 и 26 од Законот за Управување со Отпад (сл.в. бр.216/21 и 03/25) преку изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност –Кочани со седиште на ул.Милан Зечар бр. 21 Кочани, со ЕМБС 7275960. Овластено лице на Подружниците 1 и 2. Катерина Мирчовска, и состави Записник број ИП1 29-96 од 25.02.2026 година, во кое констатирано е:

При инспекцискиот надзор врз правното лице Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност –Кочани на ул.Милан Зечар бр. 21 Кочани утврдена е следната фактичка состојба:

Од направениот увид е констатирано дека во делот отпадот се собира во садови за таква намена и се селектита односно не се меша комунален со медицински отпад.Има определени места за складирање на патолошки отпад кои се заклучени и обележан.Местото каде се складира медицинскиот отпад ( централен пункт) е заклучено и уредно обележано, додека на локацијата каде се складира комуналниот отпад поставени се контенери за собирање на комунален отпад каде е видно мешање на комунален со медицински отпад внатре во контенерите. Лицето кое беше присутно на назорот не извести дека не поседуваат годишен извештај за видот и количините на отпад доставен до Министерство за животна средина и просторно планирање исто така немаат програма за управување со отпад, не водат евиденција за видот и количините на отпад согласно Законот за управување со отпад. Правниот субјект има назначено лице за управување со отпад Димитар Лазаров кој поседува Уверение за положен стручен испит за вршење на работите за управување или постапување со отпад со бр. 11-4174/48 од 14.08.1012 година. Медицинскиот отпад се предава на Ремондис Медисон ДООЕЛ Битола со кој имаат склучен Договор со бр.03-196/2 од 26.05.2025година за

отсранување на медицински отпад, поседуваат транспортни и идентификациони формулари кои ги доставија на увид.

---

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности и недостатоци воработењето на субјектот на инспекциски надзор:

Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност –Кочани нема изработено програма за управување со отпад и истата не е доставена до МЖСПП,нема изработено годишен извештај согласно програмата за управување со отпад и истиот не е доставен до МЖСПП.Не води евиденција за видот и количините на отпад согласн законот за управување со отпад.Го меша комуналниот и медицинскиот отпад кој се превзема од Јавното комунално претпријатие Водовод Кочани.

Согласно член 70 став (2) од Законот за инспекциски надзор, жалбата против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на овој инспекциски акт.

ПРАВНА ПОУКА: Против овој инспекциски акт незадоволната странка може да изјави жалба до надлежниот орган за одлучување во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на истиот. За жалбата се плаќа административна такса во износ од денари, на жиро сметка број

Име, презиме и потпис на инспекторот/ите и печат на инспекцијата

Зоран Стојнев